K
1
2004)7
Georg-Eckert-Institut BS78
1 034 618 X

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ
## - ПРЕДМЕТНА НАСТАВА -

НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО

# *ИСТОРИЈА*

VII одделение

Скопје, 2004 година

Georg-Eckert-Institut
für internationale
Schulbuchforschung
Braunschweig
-Schulbuchbibliothek -
2005/2024

MK
Z-1
(1,2004)7

## VII ОДДЕЛЕНИЕ
**(неделно: 2 часа; годишно: 72 часа)**

# ЦЕЛ НА НАСТАВАТА

Цел на наставата по историја во основното образование е учениците да усвојат суштински, систематизирани и научно потврдени знаења за минатото и сегашноста, да придонесе во изградување на вредносен систем на однесување кон својот народ и држава, кон другите народи и држави, кон она што претставува цивилизациско достигнување во светот во духот на граѓанските вредности и демократија, како и да го продлабочи интересот за понатамошно изучување на историските настани и процеси.

**ЗАДАЧИ:**

- учениците да ги користат и соодветно да ги употребуваат суштинските поими и термини карактеристични за овој историски период како што се: акумулација, автономија, декларација, влада, мануфактура, нација, парламент, политички партии, коалиција, империјализам, меморандум, манифест, сталеж, револуција, анексија, емиграција, конгрес, конференција, просветителство;
- да ги идзвојуваат значајните настани, процеси, промени и личности што го одбележуваат периодот од крајот на XVIII век до Првата светска војна;
- да ги наведуваат потребните објаснувања за причините за појава на граѓанското општество, формирањето на национални држави, воведувањето на парламентарна демократија и други придобивки значајни за овој историски период;
- да ја објаснуваат потребата од поблиска меѓусебна поврзаност и соработка меѓу балканските народи во борбата за национално, политичко, економско и културно ослободување од османлиското владеење;
- да дискутираат за културните придобивки на балканските народи и за нивното значење во осознавањето на нивниот национален идентитет;
- да осознаат за создавањето на балканските држави во XIX и почетокот на XX век.
- да искажуваат свои мислења, гледања и ставови за значењето и придонесот на МРО и нејзините истакнати дејци во борбата за ослободување од османлиското владеење и создавањето на автономна македонска држава;
- да даваат потребни објаснувања за оние придобивки од борбата на македонскиот народ, поради кои Илинденското востание и Крушевската република се епопеја на македонскиот народ.

| НАСТАВНА ТЕМА: СВЕТОТ И ЕВРОПА ОД КРАЈОТ НА XVIII ВЕК ДО ПРВА СВЕТСКА ВОЈНА | | |
|---|---|---|
| СОДРЖИНА | ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ | СРЕДСТВА И АКТИВНОСТИ |
| 1. ИНДУСТРИСКИ ПОДЕМ НА ЕВРОПА<br><br>2. ФРАНЦУСКАТА БУРЖУАСКА РЕВОЛУЦИЈА<br><br>3. ЕВРОПА ПО ФРАНЦУСКАТА РЕВОЛУЦИЈА | - Учениците да знаат за научно-технолошкиот равој;<br>- да го согледаат стопанскиот подем на Европа и развојот на меѓународната трговија.<br><br>- Да ги сфатат причините за револуцијата;<br>- да ги осознаат основните пораки и значењето на Декларацијата за правата на човекот и граѓаните.<br><br>- Да го согледаат влијанието на Француската револуција кај другите европски народи;<br>- да знаат за освојувањата на Наполеон Бонапарта;<br>- да го согледаат процесот на национално будење на повеќе европски народи. | *Средства:*<br>Карти:<br>- Европа во XIX век;<br>-Соединетите Американски Држави;<br>историски атлас;<br>- елемент филм; документарни филмови, видео-записи, фотографии, слики и карикатури;<br>- читаат и анализираат делови од француската Декларација за правата на човекот и граѓанинот и од американската Декларација за независност;<br>- преку час од интерактивна настава се обработуваат и анализираат делови од книгата "Колибата на чичо Том" од М. Б. Стоу.<br><br>*Активности:*<br>- прават шема за сталежите во француското општество пред револуцијата;<br>- изработуваат проект за |

| | | |
|---|---|---|
| | | освојувањата и личноста на Наполеон Бонапарта;<br><br>- прават проект за положбата на црнците во САД и за апартхејдот; |
| 4. ФОРМИРАЊЕ НА СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ <u>ДРЖАВИ</u> И НИВНИОТ ПОДЕМ | - Да знаат за формирањето на САД и за нејзиното државно-политичко уредување;<br>- да го согледаат економскиот подем и надворешната политика на САД. | - прават Т-табела за Русија пред и по реформите на Петар Велики и Катерина Велика;<br><br>- изработуваат грозд за научните и културните достигања на Европа во XIX и почетокот на XX век; |
| 5. РУСИЈА ДО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА | - Да знаат за прераснувањето на Русија во голема светска сила – реформите на Петар Велики и Катерина Велика;<br>- да знаат за укинувањето на кметството во Русија;<br>- да знаат за надворешната политика на Русија. | - да ги објаснат термините: апсолутна монархија; парламентарна монархија; параламентарна демократија; социјализам; комунизам; еманципација;<br><br>- изработуваат проект за борбата за рамноправност на жената; |
| 6. ПОДЕМ НА ЕВРОПСКАТА ДЕМОКРАТИЈА | - Да знаат за појавата и развојот на парламентарната демократија во Европа;<br>- да ги сфатат причините за појавата на социјалистички идеи и движења - Париска комуна;<br>- да знаат за борбата на жената за политички права. | - Венов дијаграм - феудално капиталистичко општество. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. ОДНОСИТЕ МЕЃУ ГОЛЕМИТЕ ДРЖАВИ (ОД КРАЈОТ НА XIX ДО ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК) | - Да ја сфатат борбатта на големите сили за превласт во Европа, Азија и Африка;<br>- да знаат за меѓународното групирање на големите сили и за појавата на меѓународните политички кризи. | |
| 8. КУЛТУРАТА И НАУКАТА ВО СВЕТОТ И ЕВРОПА | - Да ги лоцираат најважните културни достигања на планот на литература, ликовната и музичката уметност;<br>- да знаат за најновите достигања во науката и техниката;<br>- да ги сфатат промените во секојдневниот живот на луѓето (култура на живеење во XIX век). | |

| НАСТАВНА ТЕМА: БАЛКАНОТ ОД КРАЈОТ НА XVIII ВЕК ДО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА | | |
|---|---|---|
| **С О Д Р Ж И Н А** | **ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ** | **СРЕДСТВА И АКТИВНОСТИ** |
| 1. ОСМАНЛИСКАТА ИМПЕРИЈА ВО 19 ВЕК | - Да знаат за слабеењето на централната османлиската власт и појавата на анархија;<br>- да знаат за економското опаѓање на државата и потпаѓање под зависност на европскиот капитал. | *Средства:*<br>- карти: Османлиската држава од XVIII-XIX век; Балканот по балканските војни;<br>- историски атлас;<br>- историска читанка;<br>- фотографии, слики, карикатири и друг нагледен материјал, документарни прикази и видео-записи. |
| 2. ОСЛОБОДИТЕЛНИТЕ ДВИЖЕЊА НА БАЛКАНСКИТЕ НАРОДИ ПОД ОСМАНЛИСКА ВЛАСТ | - Да знаат за борбата на балканските народи за културни и просветни права;<br>- да знаат за појавата на национално-ослободителните движења на балканските народи;<br>- да ја сфатат суштината на Големата источна криза. | *Активности:*<br>- проект за животот на балканските народи за време на XIX век (може да се работи по групи, по една за секоја балканска земја); |
| 3. РАЗВОЈОТ НА ГРАЃАНСТВОТО ВО БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ | - Да знаат за појавата на побогат граѓански слој кај балканските народи;<br>- да го воочат процесот на развој и подем на интелигенцијата;<br>- да знаат за развојот на занаетчиството и трговијата. | - да работат куси состави и биографии за поистакнати личности од културната и политичка историја на балканските народи (пример: Караѓорѓе, П. П. Његош, Христо Ботев; Н. Фрашери итн.); |
| 4. СОЗДАВАЊЕТО НА СРПСКАТА ДРЖАВА | - Да знаат за национално-ослободителната борба на српскиот народ;<br>- да го сфатат процесот на осамостојување на српската држава и нејзиниот развој;<br>- да знаат за самостојното автономно кнежевство Црна Гора. | - составуваат грозд за востанијата и националноослободителните борби на балканските народи во XIX век; |

| | | |
|---|---|---|
| 5. СОЗДАВАЊЕ НА БУГАРСКАТА ДРЖАВА | - Да знаат за национално-ослободителното движење на бугарскиот народ - Априлското востание;<br>- да знаат за создавањето на независната бугарска држава. | - изработуваат хронологија за настаните во Албанија во XIX век;<br>- изработуваат грозд за национално-ослободителното движење на Албанците во XIX и почетокот на XX век; |
| 6. СОЗДАВАЊЕ НА ГРЧКАТА ДРЖАВА | - Да знаат за грчкото востание и стекнувањето на независност на Грција. | - изработуваат биографии на познати културни и национални дејци од историјата на Албанија во XIX век; |
| 7. СОЗДАВАЊЕ НА АЛБАНСКИТЕ ПАШАЛАЦИ | - Да знаат за причините за создавањето на Скадарскиот, Јанинскиот и Бератскиот пашалак. | - организираат активност од проектот *Промоција на хумани вредности* (ПХВ) со играње на улоги; |
| 8. АЛБАНЦИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ТАНЗИМАТОТ | - Да знаат за албанските востанија против Танзиматот;<br>- да знаат за причините и крајот на востанието на Дервиш Цара. | - составуваат список на различните организации и друштва на блаканските народи;<br>- прават споредба за политичката карта на Балканот пред и по балканските војни; |
| 9. ИСТОЧНАТА КРИЗА И АЛБАНСКОТО ПРАШАЊЕ | - Да знаат за Руско-османлиската војна во 1877-1878;<br>- да знаат за источната криза и положбата на Албанците во Нишкиот санџак. | - составуваат список за последиците од балканските војни за секој балкански народ и држава поодделно. |

| | | |
|---|---|---|
| 10. СОЗДАВАЊЕ НА АЛБАНСКАТА ПРИЗРЕНСКА ЛИГА | - Да го објаснат влијанието на Сан-стефанскиот договор врз албанското прашање;<br>- да знаат за причините за создавање на лигата;<br>- да ги објасната основните програмски определби на лигата. | |
| 11. БОРБАТА НА ЛИГАТА ПРОТИВ ОДЛУКИТЕ НА БЕРЛИНСКИОТ КОНГРЕС | - Да знаат за вооружените отпори и борби против османлиската власт;<br>- да знаат за создавањето на привремената Албанска влада во Призрен и нејзиното значење. | |
| 12. АЛБАНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ од 1899 – 1909 ГОДИНА | - Да знаат за Албанската лига во Пеќ;<br>- да знаат за албанското востание во првата половина на 1903 година;<br>- да го објаснат создавањето на албанскиот комитет "За слобода на Албанија". | |

| | | |
|---|---|---|
| 13. МЛАДОТУРСКАТА РЕВОЛУЦИЈА | - Да ги осознаат основните идеи на младотурците;<br>- да занаат за промените во Турција што се случиле со Младотурската револуција. | |
| 14. АЛБАНЦИТЕ ВО ВРЕМЕТО НА МЛАДОТУРСКАТА РЕВОЛУЦИЈА | - Да знаат за односот на Албанците кон Младотурската револуција;<br>- да знаат за Битолскиот (1908) и Елбасанскиот конгрес (1909). | |
| 15. АЛБАНСКИТЕ ВОСТАНИЈА ОД 1909 – 1912 ГОДИНА | - Да знаат за причините и текот на востанието од 1909 година;<br>- да знаат за Вториот битолски конгрес и востанието во 1910 г.;<br>- да знаат за востанието во 1911 и за текот на општото востание во 1912 година. | |
| 16. БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ | - Да ги осознаат политичките прилики на Балканот и односите помеѓу балканските држави и за создавањето на Балканскиот сојуз;<br>- да знаат за причините, текот и последиците од Првата балканска војна и Втората балканска војна. | |
| 17. СОЗДАВАЊЕ НА АЛБАНСКАТА ДРЖАВА | - Да знаат за начинот на создавањето и прогласувањето на независната албанска држава;<br>- да знаат за меѓународното признавање на независноста на Албанија;<br>- да знаат за историското значење на создавањето на албанската држава. | |

| | | |
|---|---|---|
| 18. АЛБАНЦИТЕ И АЛБАНСКАТА ДРЖАВА ОД 1912 – 1914 ГОДИНА | - Да знаат за заложбите на привремената влада за одбрана на независноста на Албанија;<br>- да знаат за Албанија за време на владеењето на принц Види;<br>- да знаат за положбата на Албанците под српска, црногорска и грчка власт;<br>- да знаат за албанското септемвриско востание во 1913 година. | |
| 19. ЖИВОТОТ И КУЛТУРНИТЕ ПРИЛИКИ НА БАЛКАНОТ | Да знаат за кутурните прилики и соработката помеѓу одделни народи на Балканот;<br>- да ги воочат најважните достигања во просветата, литературата, театарот, сликарството, музиката, науката, архитектурата и др.;<br>- да ги објаснуваат промените во начинот на живот кај балканските народи. | |
| 20. ЖИВОТОТ И КУЛТУРАТА НА АЛБАНЦИТЕ ОД ВТОРАТА ПОЛОВИНА НА XIX ВЕК ДО ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК | - Да ги согледаат заложбите за просветување на албански јазик;<br>- да знаат за албанските друштва во дијаспората;<br>- да знаат почетокот на албанската преродба и за првите преродбеници и културно-национални творци. | |

| НАСТАВНА ТЕМА: МАКЕДОНИЈА ОД КРАЈОТ НА XVIII ВЕК ДО КРАЈОТ НА ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА | | |
|---|---|---|
| СОДРЖИНА | ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ | СРЕДСТВА И АКТИВНОСТИ |
| 1. МАКЕДОНИЈА ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА ОД XIX ВЕК<br><br>2. ПРЕРОДБАТА И КУЛТУРАТА ВО МАКЕДОНИЈА<br><br>3. РАЗЛОВЕЧКО ВОСТАНИЕ | - Да знаат за приликите во Македонија (развојот на чифлигарството и појавата на феудална анархија);<br>- да го воочат процесот на раѓањето на македонското граѓанство.<br><br>- Да знаат за борбата на народна просвета, црковна литература и народен јазик;<br>- да знаат за почетоците на печатарската дејност во Македонија;<br>- да знаат за уметноста и градежништвото.<br><br>- Да ги воочат основните причини за востание во Македонија;<br>- да знаат за подготовката, текот и последиците од Разловечкото востание;<br>- да знаат за значењето и улогата на Димитар Поп Георгиев Беровски. | *Средства:*<br>- Карти: Македонија во XIX век; Македонија во Првата и Втората балканска војна; Македонија по балканските војни;<br>- историски атлас;<br>- историска читанка и други прилагодени текстови; Крушевскиот манифест; револуционерни песни итн.<br>- слики, фотографии, карикатури, докуметарни филмови и видео-записи;<br>- делови од играни филмови за Солунските атентатори и за Илинденското востание.<br><br>*Активности:*<br>- изработуваат проект за културните и просветните појави во Македонија во XIX век (просвета, градежништво – црковна и друга архитектура, копаничарство; уметност итн.);<br>- прават грозд за востанијата на македонскиот народ во XIX и почетокот на XX век; |

| | | |
|---|---|---|
| 4. КРЕСНЕНСКО (МАКЕДОНСКО) ВОСТАНИЕ | - Да знаат за причините за востанието и неговото подигање;<br>- да знаат за создавањето на слободната територија, организацијата на власта и создавањето на македонската востаничка војска;<br>- да го оценуваат значењето на востанието во борбата за македонска независност; | - изработуваат Венов дијаграм и го споредуваат Разловечкото со Кресненското востание;<br>- изработуваат поодделни проекти за секое востание и за најважните личности;<br>- изработуваат историска карта за подрачјето и настаните во Илинденското востание;<br>- го анализираат Крушевскиот манифест. |
| 5. БОРБАТА ЗА САМОСТОЈНА ЦРКВА<br><br><br><br><br><br><br><br>6. МАКЕДОНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ДРУШТВА ВО ЕМИГРАЦИЈА | -<br>- Да знаат за создавањето на црковно-училишните општини;<br>- да знаат за борбата против Цариградската патријаршија и за обидите за обновување на Охридската архиепископија;<br>- да знаат за ширењето на туѓите црковни влијанија во Македонија.<br><br><br>- Да ги осознаат причините за миграциите од Македонија;<br>- да знаат за начините на организирање, организациите и нивното функционирање;<br>- да знаат за најважните македонски емигрантски здруженија (во Бугарија, Србија, Швајцарија и Русија). | - организираат час од интерактивна настава за делото "За македонските работи" на К. П. Мисирков. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. ФОРМИРАЊЕ И ДЕЈНОСТА НА М Р О | - Да знаат за содавањето на МРО и нејзините програмски документи;<br>- да знаат за ширењето на МРО и нејзината воена организација;<br>- да знаат за појавата на врховизмот и неговите методи на делување. | |
| 8. ИСТАКНАТИ ДЕЈЦИ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА (МРО) | - Да знаат за животот, делото и значењето на: Гоце Делчев, Даме Груев, Петар Поп Арсов, Ѓорче Петров, Пере Тошев и Јане Сандански. | |
| 9. ИЛИНДЕНСКО ВОСТАНИЕ | - Да знаат за причините, поводот и подготовките за подигање на востанието;<br>- да знаат за солунските атентатати;<br>- да знаат за подигањето и текот на востанието. | |
| 10. КРУШЕВСКА РЕПУБЛИКА | - Да знаат за ослободувањето на Крушево и воспоставувањето на востаничка власт;<br>- да знаат да ги толкуваат пораките од Крушевскиот манифест и да го оценуваат значењето на Крушевската република;<br>- да знаат за улогата на Никола Карев во создавањето на Крушевската република;<br>- да знаат за крајот на востанието. | |

| | | |
|---|---|---|
| 11. ПОЛОЖБАТА ВО МАКЕДОНИЈА ПО ВОСТАНИЕТО | - Да знаат за угушувањето и последиците од Илинденското востание;<br>- да знаат за односот на големите сили кон положбата во Македонија;<br>- да го воочат делувањето на туѓите вооружените пропаганди во Македонија. | |
| 12. МАКЕДОНИЈА ВО ВРЕМЕТО НА МЛАДОТУРСКАТА РЕВОЛУЦИЈА | - Да знаат за учеството на Македонците во Младотурската револуција и во нејзината одбрана;<br>- да знаат за политичкото организирање и делување на Македонците во периодот на младотурците. | |
| 13. МАКЕДОНИЈА ВО БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ | - Да знаат за учеството на Македонците во балканските војни;<br>- да ја спогледаат окупацијата и поделбата на Македонија и соперништвото помеѓу балканските држави;<br>- да знаат за Букурешкиот договор и неговите последици за Македонија и македонскиот народ.<br>- да знаат за делувањето и активностите на македонската колонија во Петровград. | |



Georg-Eckert-Institut
für internationale
Schulbuchforschung
Braunschweig
-Schulbuchbibliothek -

| | | |
|---|---|---|
| 14. АФИРМАЦИЈА НА НАЦИО-НАЛНАТА МИСЛА ЗА СОЗДАВАЊЕ НА МАКЕ-ДОНСКА ДРЖАВА | - Да ја оценуваат улогата на Димитрија Чуповски и на Крсте Петков Мисирков за одбрана на македонската национална посебност; | |

***<u>ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ 48 НАСТАВНИ СОДРЖИНИ, НАСТАВНИЦИТЕ ВО СВОЕТО ГОДИШНО И ТЕМАТСКО ПЛАНИРАЊЕ ЗАДОЖИТЕЛНО ТРЕБА ДА РЕАЛИЗИРААТ 35 СОДРЖИНИ.</u>***

## Основни знаења и способности

**Ученикот во VII одделение стекнал основни знаења и способности ако:**

- знае што е индустриска револуција;
- ги разбира поимите граѓанство, парламентарна демократија, апсолутизам,
- ги опишува настаните пред и во текот на Француската револуција;
- го истакнува значењето на Француската револуција;
- набројува во кои земји има рушење на апсолутизмот и кои се последиците;
- знае што е анархија, чифлигарски систем;
- ја образложува борбата на балканските народи за добивање национални и културни права;
- го објаснува националноослободителните движења на балканските народи во I половина на XIX век;
- знае за балканските војни и создавањето на албанската држава;
- ја истакнува соработката и достигнувањата на балканските народи во областа на културата до почетокот на XX век;
- ги потенцира промените во македонското општество од крајот на XVIII век;
- ги набројува носителите на преродбата во Македонија;
- ги знае почетоците, текот и значењето на Разловечкото востание и македонското Кресненско востание;
- ги набројува македонските организации и друштва во емиграција;
- ги знае иницијаторите за создавањето на МРО;
- поединечно ја опишува улогата на истакнатите дејци на организацијата;
- го истакнува почетокот, текот, значењето на Илинденското востание;
- ја опишува народната власт позната во историската наука како Крушевска република, ги истакнува елементите на демократичност и желбата на македонскиот народ да се здобие со своја национална и социјална слобода;
- знае за познатите преродбеници и учебникари и ја истакнува нивната улога и значење;
- знае за причините за балканските војни и учеството на Македонците во нив;
- ја истакнува улогата на Димитрие Чуповски за одбрана на македонската национална посебност.

ПРОФИЛ НА НАСТАВЕН КАДАР

- Филозофски факултет – Институт по историја;
- Педагошки факултет – Институт по историја – географија.

НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ЈА ИЗГОТВИ РАБОТНАТА ГРУПА:

1. Живко СТЕПАНОСКИ, раководител, педагошки советник по историја во БРО
2. д-р Виолета АЧКОСКА, професор на Филозофскиот факултет – Скопје
3. д-р Тодор ЧЕПРЕГАНОВ, Институт за национална историја – Скопје
4. д-р Коста АЏИЕВСКИ, професор на Филозофски факултет – Скопје
5. д-р Рамиз АБДУЛИ, Институт за национална историја – Скопје
6. д-р Сефедин ЕЛЕЗИ, Министерство за образование и наука
7. д-р Халим ПУРЕЛКУ, професор во Гимназијата “Зеф Љуш-Марку” – Скопје
8. Невена ПЕТКОСКА, професор во ОУ “Димо Хаџи – Димов“ – Скопје
9. Хидаета МУСЛИУ, наставник во ОУ “Љубен Лапе” – Скопје
10. Неби ДЕРВИШИ, професор во УСО “Нико Нестор“ – Струга
11. Миланчо ПЕТКОВ, педагошки советник по историја во БРО